**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4787 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во третиот десетдневен период, од 22 септември до 1 октомври, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг

согласно Методологијата. Телевизијата емитува кратки и фактографски вести од 3-4 минути поврзани со најактуелните случувања во земјава.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Во анализираниот период се регистрирани неколку информативни програми кои не се на актуелни теми и релевантни за општествено-политичката дебата во земјава.

*<u>Интервју</u>*

На 24 септември 2016 година, со почеток во 17 часот и 4 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата „Интервју“ со водителот Марија Бразда. Гостин во емисијата беше Зоран Петрески – претседател на комората на извршители на Македонија. Темите за разговор беа: Извршителската дејност; новиот закон на извршители и кога ќе се применува; начинот на извршувањето, трошоците на наплата; колку е цената на извршувањето; проблемите во извршувањето; како политиката влијае кај извршителите и извршувањето, 10 години Комора на извршители и кое е значењето на Комората. Репризно издание има истиот ден, како и две репризи на 25 септември 2016 година.

На 25 септември 2016 година, со почеток во 17 часот и 4 минути, во премиерно издание на емисијата „Интервју“, гостин беше Стојан Мишев од Здружението на граѓани ЕСЕ (Еманципација, солидарност и еднаквост), на тема семејно насилство. Репризно издание има истиот ден, како и две репризи на 26 септември 2016 година.

На 1 октомври 2016 година, со почеток во 17 часот и 1 минута, во ново премиерно издание на истата емисија, гостин беше доктор Борјан Павловски – координатор за јавно здравје и женско здравје во Здружението на граѓани за Еманципација, солидарност и еднаквост. Темата беше - женското здравје; какви проблеми имаат жените; што презема државата; и за активностите на Здружението „ЕСЕ“. Репризното издание е истиот ден.

***Сектор за програмски работи***